СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

FS 549642

29.5.2017 ГОД.

**Од презнетацијата на резултатите од обемното истражување за развојниот потенцијал и можностите за извозна диверзификација на металната, машинската и електроиндустријата**

„Анализа на развојниот производствен потенцијал и можности за извозна диверзификација на металната, машинската и електроиндустријата", од авторите д-р Дарко Лазаров и д-р Митко Кочовски е изработена на иницијатива на Здружението на металургија согласно определбата на Стопанската комора на Македонија за делување базирано на издржани научно-истражувачки анализи со нивна нагласена апликативност и настапување пред надлежните институции со барања поткрепени со научни студии и анализи.

Проектот, којшто претставува продолжување на претходната опсежна студија која имаше за цел да ја проучи улогата на металната индустрија во производната структура на македонската економија преку квантифицирање на нејзиното директно, и уште повеќе индиректно учество во основните економски параметри (креирање на БДП на земјата, извозот, вработеноста) ги согледува и ги анализира развојните можности на металната и металопреработувачката индустрија во насока на динамизирање на извозната дизверзификација на земјата и структурни промени (насочување на економијата од производство и извоз на производи со понизок степен на финализација кон производи со повисока додадена вредност), истакна претседателот на Здружението на металургија и еден од авторите на анализата д-р Митко Кочовски.

Според современата економска наука, токму извозната диверзификација и промените во производната и извозната структура се фундаментални процеси за забразување на економскиот раст во мали отворени економија, како што е тоа случај со Република Македонија, посочи Д-р Дарко Лазаров во презнетацијата на оваа начучно апликативна анализа. Следствено на тоа, може да констатираме дека лошите економски резултати и ниските стапки на економски раст што македонската економија ги бележи во целиот изминат период во голема мера се детерминирани од лошите извозни перформанси гледано низ призмата на извозната структура на земјата. Постојат три причини кои го објаснуваат овој неповолен тренд: прво, неповолната наследена производна структура на економијата; второ, недостигот на претприемачки способности на реалниот сектор; и трето, отсуство на развојна економска стратегија на земјата и недоволен институционален капацитет во спроведување на индустриски политики кои ќе бидат насочени кон поттикнување на извозната конкуретност и поддршка на оние индустрии кои имаат реални можности за градење на компаративни предности во услови на глобална конкуренција.

Во анализата, како што истакнаа авторите понатаму во својата презентација, најпрво беа анализирани извозните перформанси и извозната структура на македонската економија со посебен фокус на металната, машинската и електро индустријата како значајни индустрии за нашата економија. Резултатите укажуваат дека и покрај значителниот пораст на вредноста на извозот од 1.56 милијарди долари во 1995 година, на 5.22 милијарди долари во 2015 година (или во релативен износ како учество во БДП од 33% во 1996 година на 48.5% во 2015 година), бројот на производи што земјата ги извезува со компаративна предност е намален од 696 производи во 1995 на 460 во 2015 година.

Истражувањата покажуваат дека металната и електроиндустријата согласно постојната производна структура имаат реален потенцијал да изградат компаративни предности за извозна диверзификација во производи кои се карактеризираат со средно ниво на технолошка софистицираност.

Студијата не само што е научно фундирана, туку има и значајна апликативна димензија и истата нуди сет на индустриски политики во насока на редифинирање на курсот на досегашните економски политики, посебно во делот на вертикалните индустриски политики,истакна д-р Митко Кочовски. Во следниот период се планира да се отвори една стручна расправа и дебата со цел истите да се конкретизираат и потоа институционално да се канализираат до креаторите на економските политики во Република Македонија. На крај, тој ја истакна и регионалната димензија на Анализата, која е оценета како доста податлива од аспект на дефинирање на мерките и политиките за реиндустријализацијата, како особено важна и актуелна тема, во Регионот.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје, Република Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje, Republic of Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk